РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-964/2
29-07-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и членот 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 20-тата седница одржана на 04.07.2025 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под бр. 12-964/1 од 03.03.2025 година, СЕ ОТФРЛА поради тоа што ДКСК утврди дека нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност.

Предметот со бр. 12-964/1 од 03.03.2025 година да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 03.03.2025 година, е поднесена пријава заведена под бр. 12-964/1 од 03.03.2025 година. Во пријавата подносителот изразува незадоволство од донесена одлука во предметот со бр. 12-319/7 од 17.05.2022 година донесена од претходниот состав на ДКСК.

ДКСК констатира дека согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност.

Видно од пријавата е дека се работи за изразување незадоволство од веќе донесена одлука од претходен состав на комисијата. Против донесените одлуки од областа на корупцијата, како што била и конкретната одлука, не се пропишани правни лекови со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ниту пак против истите може да се води управен спор, поради тоа што со истите Државната комисија не одлучува за права и правни интереси на правни и физички лица. Оттука Државната комисија нема надлежност да ги преиспитува преходно донесените одлуки.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Заменик - претседател**
**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изработил:м-р В.З. Виш соработник
Контролирал: м-р К.З. Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: С.С.М. Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk